РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр.13, 1000 Скопје, тел. 02/3289-200; факс 02/3224-611
www.aec.mk email: contact@aec.mk

Наш број________
Скопје___________

Врз основа на член 17, а во врска со членовите 40, 41, 44, 45, 46, 47, 48 и 51 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија бр. 13/2005, 14/2007, 55/2007, 98/2008 и 83/2010) во постапката за определување на оператор со значителна пазарна моќ на релевантен пазар, директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 27.07.2010 година го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

I

СЕ ОПРЕДЕЛУВА Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје за оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на големо - Услуга за пристап и започнување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи на географското подрачје на Република Македонија.

II

На Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје, му се наметнуваат следните обврски:

- Интерконекција и пристап;
- Транспарентност при интерконекција и пристап;
- Недискриминација при интерконекција и пристап;
- Посебно сметководство за активностите поврзани со интерконекција и пристап;
- Контрола на цени и обврски за сметководство на трошоци за интерконекција и пристап; и
- Пристап и користење на специфични мрежни средства.

Ул. „Димитрие Чуповски“ бр.13, 1000 Скопје, тел. 02/3289-200; факс 02/3224-611
www.aec.mk email: contact@aec.mk

III

Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје е должен обврските утврдени во точка II на ова решение да ги исполни на начин и постапка утврдена во Законот за електронските комуникации и прописите донесени врз основа на него.

IV

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

V

Решението е конечно.

О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за електронски комуникации во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата изврши анализа на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на големо - Услуга за пристап и започнување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи на географското подрачје на Република Македонија. Анализата беше извршена на начин и постапка утврдена со Законот за електронските комуникации, и прописите донесени врз основа на него, а при тоа имајќи ги предвид основните напатствија на Европската комисија за вршење на анализи на релевантните пазари и утврдување на оператори со значителна пазарна моќ на соодветен телевантен пазар.

Во согласност со член 105 од Законот за електронските комуникации, на ден 29.04.2010 година, Агенцијата за електронски комуникации на својата веб страна објави Нацрт-документ за анализата на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на големо - Услуга за пристап и започнување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи и им даде можност на сите заинтересирани страни да дадат свои мислења, забелешки и коментари по истата. Финалниот документ за анализата со вклучените мислења од заинтересираните страни беше објавен на веб страната на Агенцијата за електројнски комуникации на ден 14.07.2010 година.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр.13, 1000 Скопје, тел. 02/3289-200; факс 02/3224-611
www.aec.mk email: contact@aec.mk

Со анализата беше опфатен периодот од 01.01.2008 до 31.12.2009 година. Основната цел на анализата е да се определи дали на релевантниот пазар има доволно конкуренција или тој се приближува кон состојба на ефективна конкуренција, или пак постои оператор на јавна мобилна комуникациска мрежа кој има моќ и капацитет самостојно или заедно со други оператори или даватели на услуги да дејствува независно од конкурентите и корисниците на тој пазар во однос на цените или понудата, односно да се определи дали на пазарот постои оператор со значителна пазарна моќ.

При проценката дали еден оператор има значителна пазарна моќ на релевантен пазар беа земени предвид критериумите утврдени во член 40 став 4 од Законот за електронските комуникации. При тоа се утврди дека:

- Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје, има релативно високо ниво на пазарните удели (над 60%) како во сообраќај така и во приходи од услуги за пристап и започнување на повик;
- Показателите за профитабилност на Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје наспрема останатите оператори на јавни мобилни комуникациски мрежи се на релативно високо и стабилно ниво;
- Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје, ја користи предноста од економија на обем на значително повисоко ниво во споредба со останатите дава оператори на јавни мобилни комуникациски мрежи и создава можност за определување на најниски цени за услугите дефинирани со овој пазар;
- Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје поседува значителни технолошки предности со што може да опслужи поголем волумен на сообраќај, отколку тековно, како и зголемување на капацитетот на радиомрежата според потребите со минимални хардверски надоградби, односно без значителни дополнителни трошоци да ги опслужи претплатниците на потенцијалните нови учесници на пазарот.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, како и фактот дека постојат ограничувања за влез на пазарот и отсуство на ефикасна конкуренција се доволен

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр.13, 1000 Скопје, тел. 02/3289-200; факс 02/3224-611
www.aec.mk email: contact@aec.mk

показател за постоење на пазарна моќ, се заклучи дека Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје е оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на големо - Услуга за пристап и започнување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи на географското подрачје на Република Македонија.

Со оглед на ова, а во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата на определениот оператор со значителна пазарна моќ му се утврдуваат обврски за кои се смета дека се најсоодветни за спречување на постојната значителна моќ на пазарот на услуга за пристап и започнување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи.

Поради сето ова горе наведено се донесе решение како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба до Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

Советник за работи од областа на правото
Лилјана Денковска

Сектор за анализа на пазарот
Раководител
Васка Петровиќ

ДИРЕКТОР
Петар Ианоски

Изработено на 27.07.2010